**ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКА ЗА ЕДНАКВОСТ**

Краток осврт

Пивара Скопје АД се стреми да обезбеди еднакви можности за сите свои вработени и нема да врши дискриминација во било кој аспект при вработување врз основа на раса, религија, етничко или национално потекло, возраст, инвалидитет, сексуална ориентираност, политичко убедување, пол или материјален статус.

Во сите аспекти при вработување, регрутација, бенефиции, обука, промовирања, трансфер и престанок на работен однос, ние праведно ќе ги третираме поединците, согласно нивните можности за исполнување на барањата и стандардите за нивното работно место.

Ниту еден вработен нема да подлежи на физичка, сексуална, расна, психолошка, вербална или било каква форма на злоупотреба. Компанијата ќе ги обезбеди сите процедури за да се откријат недостатоците кои би предизвикале неисполнување на овој стандард и брзо и ефикасно да се справат со нив.

Забрането однесување во рамките на оваа политика

ДИСКРИМИНАЦИЈА

а) Повреда на оваа политика е дискриминирање при обезбедување на можностите за вработување, бенефиции или привилегии, да се создадат дискриминирачки услови за работа, или да се користат дискриминирачки критериуми за евалуација при вработување, доколку тоа се базира на дискриминаторско третирање, целосно или делумно, од која раса е личноста, боја, национално потекло, возраст, религија, статус за инвалидитет, пол, сексуална ориентираност или материјален статус

б) Политика на Пивара Скопје АД е усогласување со сите локални закони за работни односи вклучувајќи ги законите за дискриминација

в) Дискриминација при повреда на оваа политика ќе подлежи на строги санкции вклучувајќи и престанок на работен однос